*ПРВ ДЕЛ*

## **П А С Т Е Л И** (26 мин.)

**Кореографија и режија : ИСКРА ШУКАРОВА**
**Музика : МАЈК ОЛДФИЛД; ЕНИГМА**
**Костимографија : ЕЛЕНА ДОНЧЕВА**
**Скопска премиера : 12.06 1994 година**

**Овој мој прв современ балет го нареков *Пастели*, а се состои од неколку слики во кои е присутно различно расположение. Но, сите тие слики прават една логична целина и изразуваат ведро и "пастелно" расположение.**

**Во балетот се обидов да прикажам елементи и покрети на современиот балет, којшто е еден вид лесна и подвижна игра, со меки покрети на телото. Целта ми беше да ги пренесам на нашата публика актуелни трендови во современиот балет, коишто веќе подолго време се негуваат во светот, особено во Франција.**

**Искра Шукарова**

**Настапуваат:**

Маја Симеонова
Ирена Челебиќ
Лиле Миленковска
Олга Панговска
Тања Пастањицки
Александра Мијалкова

Тамара Анастасова
Катерина Кипроска
Маја Јовановска
Зејнепе Џафер
Маја Митревска
Искра Шукарова





"ПАСТЕЛИ" - ИСКРА ШУКАРОВА

*ВТОР ДЕЛ*

## И Н Ф Е Р Н О (30 мин)

**Кореографија и режија : ИСКРА ШУКАРОВА**
**Музика : АЛФРЕД ШНИТКЕ**
**Костимографија : ЕЛЕНА ДОНЧЕВА**
**Скопска премиера : 4.07.1995**

Дејствието на балетот се состои од три секвенци. Секоја секвенца почнува со група луѓе коишто се наоѓаат на местото на настанот коешто е затворен простор : **ПРОСТОР СО ВЛЕЗ, НО БЕЗ ИЗЛЕЗ.** Тој простор не мора да биде само затворената соба, како што е претставена во балетот, тој простор може да биде и многу поголем, дури може да се смета дека може да биде и целава наша планета. Единствениот излез на овие луѓе од овој затворен простор е да продолжат да циркулираат во него.

Во балетот се користи музиката на еден, сега може слободно да се каже, класицитe на современата музика на дваесеттиот век. Се работи за Алфред Шнитке и неговиот Кончерто Гросо Нумеро 1.

Искра Шукарова

Настапуваат :

Маја Митревска
Ирена Челебиќ
Тамара Анастасова
Лиле Миленковска
Тања Пастањицки

Катерина Кипроска
Маја Симеонова
Зејнепа Џафер
Александра Мијалкова
Искра Шукарова

